# ВОДИЧ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО КАБИНЕТИ ЗА ПРИРОДНИ НАУКИ

## ЗАДОЛЖЕНИЈА НА НАСТАВНИКОТ ВО КАБИНЕТОТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ:

- Сите хемикалии и реагенси треба да бидат соодветно означени и да се чуваат во соодветниот плакар, кој треба да биде заклучен;
- Наставникот е должен да спречи изнесување на хемикалии и прибор за работа надвор од кабинетот за природни науки;
- Наставникот е должен да ја провери целата опрема во кабинетот за природни науки пред употреба на истата и да се погрижи дека нема да се користи неисправна опрема;
- Секој наставник треба да ја знае локацијата на комплетот за прва помош, како и начинот на кој истиот се користи;
- Наставникот треба редовно да ја проверува исправноста на опремата за прва помош;
- Наставникот треба да се погрижи дека нема да има присуство на учениците во кабинетот за природни науки без негов надзор;
- Забрането е пушење, користење на храна, пијалоци или гуми за џвакање во кабинетот за природни науки;
- Наставникот треба да се погрижи учениците да носат соодветна опрема за лична заштита, доколку истото е потребно;
- Наставникот треба да ги едуцира учениците за локацијата и користењето на безбедносната опрема за итни случаи, пред кабинетските активности;
- Наставникот треба да се осигура дека е поставена соодветна опрема за гаснење пожар во кабинетот за природни науки, обележани и непречени патеки за излез како и општ алармен систем за итни случаи;
- Наставникот треба да ги применува барањата и стандардите за складирање, ракување и отстранување на секоја употребена хемикалија;
- Сите несреќни случаи треба веднаш да се пријават од страна на наставникот, без разлика на нивната големина.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО КАБИНЕТОТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ:

- Внимателно следете ги инструкциите од наставникот за време на спроведување на експериментите во кабинетот за природни науки;
- Внимателно ракувајте со целокупната опрема во кабинетот за природни науки;
- Побарајте претходна дозвола од страна на наставникот за пристап до супстанции, уреди или друга апаратура;
- Забрането е користење запалки и друг вид на запаливи и токсични материјали;
- Грижете се за хигиената во кабинетот по природни науки и по завршувањето на активностите, исчистете го работното место.